КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




# 12. РЕДОВНО
# ГОДИШНО СОБРАНИЕ
## НА КОМОРАТА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

23 ФЕВРУАРИ 2019 ГОДИНА

12. РЕДОВНО

# ГОДИШНО СОБРАНИЕ

## НА КОМОРАТА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

23 ФЕВРУАРИ 2019 ГОДИНА

13.2.2019

# П О К А Н А

Врз основа на член 11 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, **на 23.2.2019 година (сабота)** со почеток во 11:00 часот, во просториите на Комората ќе се одржи седница на Собранието на Комората, со следниот

**предлог**

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записник од седница на Собрание на Комората од 17 октомври 2018 година;
2. Извештај од Надзорниот одбор за работата на Комората во 2018 година;
3. Извештај од Управниот одбор за работата на Комората во 2018, со предлог - одлука за одобрување на завршна сметка и финансиски извештај за 2018 година усвоени од Управниот одбор на Комората;
4. Предлог програма за работа на Комората во 2019 година;
5. Избор на Заменик претседавач на Собранието на Комора;
6. Избор на членови и заменици во Дисциплинска комисија на Комората.

Материјали по 1, 2, 3, 4.

Претседавач на Собранието на Комората

м-р Ива Џагора

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1121/2
09.11.2018 год.
СКОПЈЕ



# ЗАПИСНИК

Од седница на **Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија** одржана на 27 октомври 2018 (Сабота) со почеток во 11:00 часот, во големата сала во просториите на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија.

## Евиденција на присуство на седница

Седницата ја отвори и со неа раководеше **Проф. д-р. Миле Станковски,** Претседавач на Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија.

Станковски констатираше дека од 75 делегати од Собранието, на почетокот на седницата присутни беа 53 члена, односно дека Собранието има кворум и може полноважно да одлучува.

Станковски истакна дека записникот за седницата ќе го водат Леонита Чалоска и Флутура Хазари од службите на комората, а седницата ќе се снима тонски, согласно деловникот за работа на Собранието на Комората. За оверувачи на записникот беа избрани: Зоран Мирчевски од градежништво, Дурим Фетаху од урбанизам и Катарина Манчева од машинство.

----

За работа на ова седница предложен е следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од седницата на Собранието на Комората од 24 февруари 2018 година.
2. Верифицирање на мандат на нов член во Собранието на Комората од одделението на градежни инженери, на местото на избраниот потпретседател на Комората.
3. Донесување на Тарифник за инженерски услуги
4. Избор на Претседавач на Собранието на Комората
5. Разно

Претседавачот на Собранието отвори дискусија по дневниот ред.

**Марија Станковска**, градежништво предложи точка 3 од дневниот ред: *Донесување на Тарифник за инженерски услуги* да се замени со: *Расправа за тарифник* бидејќи до сега немале расправа на одделението во врска со тарифникот. **Костадин Ристоманов**, градежништво го подржа барањето од Марија Станковска и истакна дека на оваа седница не треба да се усвои овој предлог тарифник, туку само да се разгледа и дискутира за предлогот.

**Петар Цветановски,** раководител на одделението градежништво, предложи да остане предложениот термин за донесување на тарифник, и истакна дека тарифникот е разгледан на одборот на одделението на градежни инженери и соодветните сугестии се пренесени до работната група, и најголем дел се прифатени и внесени во истиот.

**Жаклина Ангеловска,** раководител на одделението за урбанизам, предложи да се прошири дневниот ред со информација за кандидатурата на Претседателот на КОАИ за Потпретседател на Европскиот совет на инженерски Комори (ЕЦЕЦ). Станковски истакна дека за ова прашање тој ќе даде информација под точката разно.

По гласањето за усвојување на дневниот ред, од 56 присутни во тој момент, 50 беа за, против беа 6, немаше воздржани. Се усвои дневниот ред како што е предложен.

ТОЧКА 1

Во врска со оваа точка, раководителот на седницата **Миле Станкоски** истакна дека материјалот од записникот на Собранието на Комората од 24 февруари 2018 година им беше доставен на сите членови на собранието и по истата точка отвори дискусија. Бидејќи никој не се јави за збор, точката ја стави на гласање. Од 56 присутни во тој момент, 55 гласаа за, еден воздржан (Костадин Ристоманов) по што се костатираше дека е усвоен записникот од 24 февруари 2018 год.

ТОЧКА 2

Претседавачот Станковски истакна дека треба да го верифицираме мандатот на нов член на Собранието од одделението на градежни инженери по изборот на Потптретседател на комората од редот на собраниските делегати. Одделението го предложило инженер Михо Јаневски. Претседавачот Станковски го повика Генералниот секретар Атанасовски да ја објасни процедурата. Генералниот секретар Димче

Атанасовски го образложи процесот на верифицирање на мандат на нов делегат на местото на избраниот Потпретседател на Комората, согласно актите на Комората. Немаше дискусии во врска со ова точка и со 56 гласа за, без ниту еден против и воздржан. Нов делегат во Собранието на Комората е инженер Михо Јаневски.

## ТОЧКА 3

Претседавачот на Собранието **Миле Станковски** ја најави точката 3 за донесување на предлог тарифник за инженерски услуги. Тарифникот, истакна Станковски е усвоен едногласно од Управниот одбор на Комората и доставен до Собранието. Тој ги повика членовите на работната група која го изготви тарифникот, да направат презентација пред присутните делегати.

Презентацијата ја отвори архитектот **Сашо Блажевски** кој меѓу другото нагласи дека последните 10 години постоеле повеќе обиди за донесување на тарифник, се стасало до некое ниво, но ова е најнапредно ниво досега. Предлогот се однесува на оформување на принципите околу тарифирањето и вреднувањето на инженерскиот труд како најниска цена под која што не би смеело да се оди. Сашо Блажевски изрази благодарност за огромниот труд кои што го имаат вложено колегите од работната група и останатите колеги од другите одделенија кои активно учествувале во анализа на предлозите, давале предлози и учествувале во констатен дијалог околу тоа како да се направи рамнотежа помеѓу одделенијата и струките. Како принципи за составување на тарифникот се земени расположивите информации од Државниот завод за статистика, и во рамките на категоризацијата на објекти според намените на земјиште, е изготвен овој предлог.

Блажевски накратко ја образложи методологијата за пресметка на минималните цени. Тој појасни дека предложените цени за инженерски услуги се пресметани како процент од трошокот за градба по метар квадратен и вкупна инвестициона вредност, и потоа соодветно поделени за сите струки. Во тарифникот исто така постои можност за тарифирање на услуги кои не ги пресметуваат по метар квадратен, да се вреднуват по работен час. Една огромна лепеза на објекти и проблематика не е опфатена во овој тарифник истакна Блажевски, бидејќи истиот се однесува само на високоградба, не се опфатени енергетски, инфраструктурни објекти итн. Целта е да се покрие овој дел од високоградба и да отвориме простор останатите наши колеги евентуално да продолжат да го надградуваат и да донесуваат тарифници за тие области/објекти кои не се влезени во оваа верзија.

На крај кога целата процедура ќе заврши и тарифникот ќе се усвои од Владата на РМ, идејата е да се подготви една дигитална алатка, во ексел или некој друг формат со која што ќе биде лесно инженерите да ги пресметуваат цените за инженерските услуги.

По краткото образложение на тарифникот, архитект Сашо Блажевски напомена дека контролирањето и спроведувањето на тарифникот ќе го контролира Комората преку новоформирана комисија одговорна за спроведување на тарифникот, и преку другите постојни органи (дисциплинска комисија, управен одбор итн).

Потоа Претседавачот Миле Станковски отвори дискусија по тарифникот и излагањето на Сашо Блажевски. Збор и беше даден на **Марија Станковска** од одделението на градежни инженери, која побара кратко образложение како е добиена вредноста од 438 евра за м2 кај А2 објекти и на што се однесува. Сашо Блажевски одговори дека тоа е просечниот трошок за градба на таков тип на објекти, согласно Статистичкиот годишник на Република Македонија - публикација која што излегува еднаш во годината во издание на Државниот завод за статистика и ги дава сите главни економски параметри во државата.

На тоа Марија Станковска истакна дека таа има информација од Државниот завод за статистика дека оваа цена од 438 евра за м2 е всушност просечна цена на продажба на станови во Македонија, а не просечен трошок за градба. Марија Станкоска побара да направи една презентација со нејзин пример за пресметка. Во презентацијата, Марија Станковска приложи емаил комуникација со Државниот завод за статистика од каде и било посочено дека оваа цена е всушност просечна цена на продажба на станови во Македонија. Таа во својата презентација истакна дека во цената е вклучена и цената на земјиштето, и профитот на фирмата градител, и дека на ваков начин работната група предложила цени за инженерски услуги кои се знатно повисоки од она што треба да бидат. Гласно реагираа членовите на работната група која го изработи тарифникот и останати делегати велејќи дека ова не е точно.

**Реџеп Асани** изрази незадоволство што воопшто е дозволено да се прави цела презентација и смета дека ова е обид да се сруши седницата на Собранието.

Во салата настана групна дискусија, неколку делегати ја напуштија салата, при што Марија се повлече од презентацијата, а Претседавачот Миле Станковски побара да се смири ситуацијата. На барање од повеќе делегати (Маријана Поповска, Костадин Ристоманов, Катарина Манчева итн), Претседавачот ја повика Марија Станковска да ја доврши презентацијата и нејзината анализа на тарифникот. Марија Станковска продолжи, и ја доврши презентација со повеќе предлози, критики, забелешки и прашања до изготвувачите на тарифникот и со напомена дека се срами што нејзиното одделение прифатило ваков тарифник во кој не е вкалкулиран степен на сложеност на објектот, нема предлог цени за изведбен проект, предложени се високи цени, тарифникот е донесен во тесен круг на лица итн.

Станковска, преку конкретен пример и пресметка посочи дека основната цена за пресметка на вредноста на инженерскиот труд треба да биде околоу 250 евра за м2, а не 438 евра, и на таков начин цените за инженерски услуги предложени во тарифникот треба значително да се намалат. Нејзино мислење е дека со вака предложените високи цени за инженерски услуги ќе се наштети на проектантските бироа, бидејќи на инвеститорите ќе им биде поисплатливо да вработат проектанти, наместо да ангажираат проектантски бироа.

**Миле Станковски,** Претседавачот на Собранието напомена дека не е во ред да се каже дека Комората го има правено тарифникот во тесни кругови бидејќи имаше постапка за правење на тарифник, разгледуван е на одделенски состаноци, на Управен одбор повеќе пати и сега е дојдено да се дискутира на Собрание на Комора.

**Петар Цветановски,** раководител на одделението на градежни инженери ја цитираше Марија Стаковска дека се срамела од нејзиното одделение-градежништво што прифатило ваков тарифник, и рече дека тој како професор на градежен факултет најмогу се срами од тоа што ги едуцира студентите на еден тежок факултет а потоа работат за многу ниска плата. Се што е направено овде е да се подигне нашето место во општеството и поправилно да се вреднува инженерскиот труд.

**Димче Атанасовски**, Генерален секретар на Комората, бидејќи беше цитиран Статистичкиот годишник од Државниот завод за статистика, приложи копија од извештајот (од интернет) каде на страна 504 јасно се гледа дека цитираната цена од 438 евра (26.935 денари) за м2 (за 2016 година) е просечен трошок за градба на станови, а не продажна цена по м2. Тој посочи, цитирајки го документот, дека во таа табела има повеќе колони – една е за просечен трошокот за градба, втората е за просечен трошок за купопродажба на земјиште, трошок за уредување на земјиште, други административни трошоци итн. Сите овие колони кумулативно се собрани како вкупен трошок. Но, во предложениот тарифник е цитирана колоната која се однесува на трошокот за градење како посебна ставка.

**Беким Емурлаи**, од одд. градежништво ја поздрави комисијата која го има работено тарифникот и предложи да се оди понатака бидејќи има многу сугести и предлози. Воедно праша дали во тарифникот има текстуален дел како да се применува истиот.

**Сашко Иванов**, архитектура, ги замоли присутните за донесување тарифник и нужноста од него, а истиот понатака ќе претрпува измени и негови дополнувања. Да не го кочиме неговото донесување на оваа седница предложи Сашко Иванов.

**Костадин Ристоманов** укажа дека тарифникот внесува бенефит за проектантските фирми а не и за на инженерите вработени во фирмите, и дека за ваков документ треба да има поширока јавна расправа. Напоменува дека знае дека Владата врши притисок да се донесе тарифникот и тврди дека Комората може да даде мислење, но нема законска надлежност да донесе тарифник. До ваква поделена состојба сме доведени бидејки Управниот одбор на Комората не ја отсликува реалноста на инженерската фела во Македонија. Во Управниот одбор на Комората воглавном се професори, а не лица од стопанството.

**Миле Димитровски,** Претседател на Комората, најпрво во врска со составот на УО кажа дека истиот е составен од лица од различни дејности - администрација, стопанство, приватни фирми и само тројца професори. Тој напомена дека Управниот одбор имал во предвид дека во ЕУ тарифници со егзактни вредности (цени) не се дозволени и се забранети но дека УО на Комората смета дека донесувањето на тарифникот може да помогне на струката се до влегувањето на Република Македонија во ЕУ. Вториот факт за кој што е свесен УО, истакна Димитровски, е дека не е испочитуван термин планот за работа врз правилникот во кој што била предвидена јавна расправа по овој материјал, но по инсистирање на изготвувачите од работната група и на на одделението и на раководителот на архитектура, јавна расправа не е направена за да се дојде побрзо до овој чин – усвојување од Собранието на Комората.

**Марјана Поповска**, градежништво ја поздравува иницијативата за изготвување на овој тарифник но не се согласува да гласа за нешто без претходна поопширна дискусија по овој тарифник. Таа исто така истакна дека предвидениот севкупен процент за надзор е одличен, но има некои нелогичности во процентуалната поделеност кај надзорот и таа не се согласува со изразениот поголем процент на архитектонскиот надзор во споредба со градежниот бидејќи кога почнува изведбата најголемиот дел од надзорот го вршат градежните инженери.

**Влатко Иванов**, машинство ја поздравува иницијативата за изготвување на овој тарифник. Го коментира делот во дистрибуцијата на процентите за проектте за термички инсталации која е исклучително мала и под дозволените разумни граници, и со тоа не се согласува, а тоа неколку пати го кажал и на состаноците на своето одделение.

**Претседавачот Миле Станковски** кратко појасни дека во член 3 од тарифникот стои дека во случај на верифицирана сложеност по определена фаза или фази, процентуалната застапеност помеѓу фазите, вклучително и процентот за координација на проектот се подложни на промени со меѓусебен договор на учесниците.

**Михо Јаневски,** градежништво, се сложува со потребата од тарифник, но главна дилема му е кои се механизмите за контрола и спроведување на тарифникот од Комората, дали постојат сите предуслови за да може сите да се придржуват на овој тарифник или ќе остане само вложен труд на изготвувачите на овој тарифник.

**Кристинка Радевски,** архитектура, Претседател на надзорниот одбор на Комората, ја поддржува работата на сите учесници во изготвувањето на овој предлог тарифник, нагласувајќи дека некаков тарифник е подобар од никаков, и дека Надзорниот одбор на Комората во својот последен извештај до Собранието на Комората во забелешките, инсистирал на почитување на Законот кој предвидува донесување на тарифник.

**Ивица Стоиловски**, сообраќајно инженерство, напоменува дека терминологијата користена за сообраќајниот дел од проектот не соодветствува со пракса и побара да се допрецизира, со што предлагачите се согласија.

**Веселинка Герасимова**, архитектура укажа на сложеноста во изготвувањето на тарифникот, и дека заради тоа е оформен како тарифник за високоградба а не за сите типови на градби. Прва фаза е неговото усвојување од органите на Комората и прифаќање од Владата на РМ. Втора фаза е да се избориме за промена на Законот за јавни набавки, а притоа минимална цена да не биде единствен критериум на одлучување.

**Катица Белческа-Аризанкоска**, машинство напомена дека Комората дава и овластување за инженер за изведба, а никаде во тарифникот не е опфатено како е заштитен инженерот изведувач.

**Усеин Багашов**, геотехника – укажува дека објектите од нискоградба не се опфатени со тарифникот, и геотехниката нигде не е спомната. Постави прашање дали кога ќе се надоградува овој тарифник ќе мора да помине низ истата процедура како сега? Претседавачот Миле Станковски одговори дека секоја измена мора да помине низ Собранието на Комора.

**Сања Раѓеновиќ**, архитектура ја поздравува работата на колегите кои го изработија овој тарифник, се согласува со колегата Костадин Ристоманов дека овој тарифник ги штити проектантските фирми, но напомена дека мора да го гарантира и квалитетот на проектите, а истовремено и да ја гарантира и платата на инженерите кој што работат во нечии фирми, а овој тарифник на некој начин ги штити сопствениците на фирмите. Таа истакна дека во првите верзии од тарифникот имало предлог за минимална плата на инженерите, но дека оваа одредба подоцна била извадена.

**Димче Атанасовски**, генерален секретар на Комората истакна дека во Р. Македонија постои Закон за минимални плати и дека Комората нема законска ингеренција да дефинира минимална плата. Во Република Македонија, ниедна струка вклучително и струките кој што имаат тарифник со децении, нема дефинирано минимална плата. Минималната плата се дефинира со закон, и не смее нашиот тарифник да регулира таква материја.

**Катерина Димеска,** градежништво – точно е дека има Закон за минимална плата но дали постои можност во овој тарифник да побараме коефициент по овластување како додаток на платата на инженерите.

**Катарина Манчева**, машинство, нагласи дека била меѓу првите која сакала да има тарифник, но не тарифник за фирма, сакам тарифник кој мене како инженер ќе ме заштити.

**Слободан Томиќ**, електроинженер – се согласува со тарифникот но најголемиот проблем во моментото вели дека е нелојалната конкуренција, треба да се работи на таа проблематика.

**Реџеп Асани**, раководите на одд. архитектура - се согласува со повеќето коментари и забелешки на досегашните излагачи, но исто така истакна дека е многу тешко сите желби да се вметнат во еден документ, а дека без тарифник е веќе невозможно. Напомена во контекст на прашањето на Катица Белческа-Аризанкоска како е заштитен инженереот за изведба, дека изведбата е посебен дел кој не е интелектуален дел од работата и затоа не е дел од тарифникот, и дека овој тарифник може да биде дополнет во иднина ако се јави потреба.

**Димче Атанасовски**, генерален секретар на КОАИ, се осврна на претходните дискусии и даде одговор на поставените прашања, на кои, како што напомена многупати е веќе разговарано на ниво на работна група и Управен одбор. Прво, во Република Македонија во правен промет не може да влезе физичко лице, значи тарифник мора да има за правни лица. Во тој контекст точно е дека овој тарифник директно ги штити фирмите, а индиректно инженерите. Само јака градежна индустрија може да продуцира високи плати за вработените инженери. Причината зошто фармацевтите на пример, имаат високи плати е бидејки нивната идустрија/фирми се финансиски јаки, па и без дефинирана минимална плата, платите на фармацевтите се пазарно високи. Второ, околу овластувањата и лиценците. Комората како здружение на физички лица, издава само овластувања на физички лица, а министерството за транспорт издава лиценци на правни лица. Ова е основната разлика помеѓу нашата Комора и останатите струкови Комори во државата. На пример, за да отвориш адвокатска канцеларија мора да си адвокат, додека градежна фирма може да отвори и економист, се додека вработува инженери. И одеднаш се јавува таа дискрепанца – на пазарот нискатa понуда ја дало правното лице, потписникот на понудата не е инженер, понудувач е фирмата, а бидејки Комората не издава лиценци на фирмите, не е во состојба да ја санкционира фирмата заради непочитување на тарифникот. Во врска со прашањето од Костадин Ристоманов, законската ингеренција за донесување на тарифникот е дадена

во Законот за градење во член 109(7), каде јасно стои дека Комората има обврска да донесе: (цитат) *'ценовник за јавни услуги и тарифник за извршени услуги'* иако, истакна Димче, терминолошки малку се измешани поимите тарифник и ценовник. Понатаму, тарифникот треба да биде прифатен од надлежните државни органи пред да биде објавен во Службен весник. И трето, и последно, во врска со прашањето од Михо Јаневски, дали Комората има ингеренции да го спроведе тарифникот. Оваа загриженост е сосема издржана, и за да може Комората во целост да го спроведе истиот, потребни се низа додатни законски измени. Без ваквите законски измени, треба да сме свесни дека тарифникот може да остане 'мртво слово на хартија'.

Претседавачот **Миле Станковски** предложи гласање за точката. Од 56 присутни делегати, ЗА гласаа 50, против беа 6, немаше воздржани. Врз база на резултатот од гласањето Претседавачот констатираше дека ПРЕДЛОГ - ТАРИФНИКОТ Е УСВОЕН.

Овој материјал, стакна Станковски треба да биде доставен до надлежните органи за натамошна постапка. Процедурата е предлог тарифникот да се проследи до Министерство за транспорт и врски каде треба да се разгледа и да се достават измени или забелешки за потоа како конечна верзија (Тарифник) повторно да се усвои на Собрание на КОАИ. За конечно Тарифникот да стане составен дел од Законот за градење после сите овие процедури неопходно е да го изгласа Владата на РМ, и да биде објавен во Службен весник на Република Македонија.

## ТОЧКА 4

Пред да се премине кон избор на Претседавач на Собранието, актуелниот претседавач **Миле Станковски** побара да се избере изборна комисија со претставници од повеќе одделенијаа. Генералниот секретар појасни дека по деловникот потребно е да се изберат само 3 члена во изборната комисија, но традиционално досега во сите избори сме имале поголема комисија од 5 члена кое ја зголемува транспа-рентноста на изборот. Предлогот е усвоен и во изборната комисија беа избрани:

- Сашко Иванов- архитектура,
- Ана Тромбева Гаврилоска – градежништво
- Андријана Милевска – електротехника
- Нецади Зулбеари – урбанизам
- Нада Брајковска – машинство

Гласањето се одржа со почеток од 13:30 часот и резултатите се следни: од 56 важечки гласачки ливчиња:

1. Страхиња Трпески- 18 гласа
2. Миле Станковски – 18 гласа
3. Ива Џагора – 20 гласа

Се констатираше дека во првиот круг ниту еден кандидат нема доволно гласови да биде избран, па ќе се оди на втор круг гласање. Бидејќи второ и трето пласираниот имаат ист број добиени гласови, се премина кон повторно тајно гласање помеѓу Стархиња Трпески и Миле Станковски за да се утврди кој од нив ќе оди во втор круг со Ива Џагора. Во овој круг присутни биле и гласале 53 делегати, од кои 52 се важечки и 1 неважечко гласачко ливче. Резултатот од ова гласање е следниот:

1. Страхиња Трпески- 29 гласа
2. Миле Станковски – 23 гласа

Значи во втор круг на избори за Претседавач на Собранието на Комората ќе се гласа помеѓу Ива Џагора и Страхиња Трпески.

Потоа се помина кон тајно гласањето помеѓу Страхиња Трпески и Ива Џагора. За време на гласањето присутни биле и гласале 50 делегати, од кои 47 се важечки и 3 неважечки гласачки ливчиња. Резултатот од гласањето е следнот:

1. Стархиња Трпески- 18 гласа
2. Ива Џагора – 29 гласа

Претседателот на Собранието заклучи дека според резултатот од гласањето, избран е нов Претседавач на Собранието на КОАИ а тоа е: м-р Ива Џагора, дипломиран градежен инженер, со мандат кој завршува заедно со мандатот на членовите на сегашниот состав на Собранието, односно за период 2018-2020 година.

Досегашниот Претседавач Станковски го честиташе изборот на Џагора и и посака успешна работа. Страхиња Трпески исто така и честиташе на Џагора.

После изборот, Џагора седна на претседавачкото место, се заблагодари на присутните делегати за укажаната доверба, и ја продолжи седницата.

**Точка 5 (разно)**

**Миле Станковски,** согласно бараното од Ж. Ангеловска на почетокот на седницата, даде кратка информација за кандидатурата на Претседателот на КОАИ Проф. д-р Миле Димитровски за Потпретседател на Европскиот Совет на инженерски Комори, ЕЦЕЦ. Тој го цитираше Статутот на КОАИ во кој е јасно наведено дека надлежен орган за избор на кандидат е Управниот одбор на Комората, и дека УО на седницата одржана на 9.10.2018 едногласно дал подршка за кандидатурата на Миле Димитровски, како најактивен член на Комората во меѓународната соработка, со цел промоција на нашата Комора и држава во меѓународни рамки. Гласањето за оваа позиција ќе се изврши на 17.11.2018 на 15 Генерално Собрание на ЕЦЕЦ во Загреб, Р. Хрватска

После оваа информација немаше друга дискусија.

Во меѓувреме, за време на гласањето, за сите присутни на Собранието беше послужен скромен коктел.

Седницата заврши во 15.30 часот.

**Записникот го составија (1.11.2018)**
Леонита Чалоска
Флутура Хазари

**Корегирал и одобрил:**
Димче Атанасовски, Генерален секретар на Комората

**Оверувачи на записникот**

Зоран Мирчевски, ____ (потпис и датум) 7.11.2018

Дурим Фетаху, Durim Fetahu ____ (потпис и датум) 6.11.2018

Катарина Манчева, ____ (потпис и датум) 7.11.2018

**Претседавач на Собранието на Комората**

Проф. д-р Миле Станковски

08.11.2018

Скопје, 27 октомври 2018

# ИЗВЕШТАЈ од
# НАДЗОРЕН ОДБОР
# за
# 2018

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**До**
**Собранието на**
**Комората на овластени архитекти и овластени инженери**

Согласно член 21 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери (КОАИ), Надзорниот одбор на КОАИ го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Надзорниот одбор на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (НО), во состав:

- М-р Кристинка Радевски, д.и.а. Претседател,
- Ратко Станојковски, д.е.и. Заменик Претседател,
- Дурим Фетаху, д.и.а. Заменик Член,

на 18.02.2019 година изврши контрола на материјално финансиското работење и на завршната сметка за 2018 година на Комората.

Од страна на Генералниот Секретар и стручата служба на КОАИ беа доставени податоци за материјално финансиското работење.

**Од извршената контрола може да се констатира дека материјално финансиското работење на КОАИ е согласно Статутот и актите на КОАИ.**

Стручната служба и УО на КОАИ да постапат по забелешките дадени во Записникот кој е прилог на овој Извештај.

**Прилог:** Записник: арх.бр.02-210 од 18.02.2019

Скопје, 18.02.2019 година

**Претседател на Надзорен Одбор**
М-р Кристинка Радевски, д.и.а.

***Надзорен одбор*** ***Скопје, 18.02.2019 година***

# ЗАПИСНИК

од прва седница на Надзорен Одбор
на Комора на овластени архитекти и овластени инженери
одржана на ден 18.02.2019 година

**Присутни:**

1. М-р Кристинка Радевски д.и.а., Претседател
2. Ратко Станојковски д.е.и., Заменик Претседател
3. Дурим Фетаху, д.и.а. Заменик член

Тема на состанокот на прва седница на Надзорниот Одбор на Комора на овластени архитекти и овластени инженери беше разгледување на материјалите од работењето на Комората за период од 1 јануари до 31 декември 2018 година, со цел изготвување на Годишен Извештај. Состанокот се одржа во просториите на Комората, со почеток во 12.00 часот.

Постапувајќи по задолженијата согласно Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, чл.19, точка 2 за надзор над:

- спроведување на Статутот и другите општи акти на Комората и остварување на правата на првата и обврските на членовите на Комората;

- материјално и финансиско работење на Комората и располагање со средствата на Комората;

- работа на стручната служба на Комората во согласност со Статутот и другите општи акти, НО побара да се докомплетира следната документација:

1. Да се изготви Финансиски план за работа за 2019 година, најдоцна до денот на одржување на годишно Собрание.
2. Да се достави до НО Годишниот Извештај за работењето за 2018, кој е обврска на КОАИ да го доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, согласно чл.105 точка 3 од ЗГ, најдоцна до денот на одржување на годишно Собрание.

**НО укажува на следново:**

1. НО не може да даде мислење за работата на УО и реализација на Програмата за работа на Комората за 2018 година, се додека не добие комплетен Годишен Извештај за работа на УО во 2018. НО го задолжува УО овој документ да го доставува на разгледување и усвојување до НО најдоцна 30 дена пред одржување на Годишното собрание.
2. НО бара да присуство на свој претставник на седниците на УО, со цел паралено следење на процесите и подобра координација во работењето на Комората. Пред секоја планирана седница на УО, навремено да се достави дневен ред и материјали до НО. Доколку НО смета дека има потреба од присуство, ќе го најави присуството на својот член. Кој член НО ќе биде присутен на конкретна седница, ќе биде одлучено со интерна одлука на членовите на НО и нивните заменици.
3. Итно да се изготват сите акти пропишани во чл.15 од Статутот на Комората.

НО бара постапување и произнесување по горенаведеното во рок од 30 дена.

**МИСЛЕЊЕ:**

По однос на Извештајот за финансиското работење на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година, Надзорниот Одбор дава позитивно мислење.

Седницата на НО заврши во 13.30 часот.

*Изготвил: КР*

**Надзорен Одбор**

1. М-р Кристинка Радевски д.и.а., Претседател
2. Ратко Станојковски д.е.и., Заменик Претседател
3. Дурим Фетаху, Заменик д.и.а. член

Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија
Ул. „Даме Груев" бр.14-а, 1000 Скопје; тел/факс +389 2 3222 356 ; www.komoraoai.mk

***Надзорен одбор*** ***Скопје, 20.02.2019 година***

**До**
**Собранието на Комора**
**на овластени архитекти и овластени инженери**
**на Република Македонија**

**Предмет**: Дополна на Записник бр.02-210 од 18.02.2019

Почитуван Претседавач на Собранието на Комората,

Врз основ на Записникот од четвртата седница на Надзорен Одбор на Комората на овластени архитекти и овластени инженери одржана на ден 18.02.2019 година, Надзорниот одбор ги доставува следните Предлог-заклучоци:

1. Предлог – заклучок за задолжување на Управниот одбор на Комората да изготви Годишен Извештај за работа на Управниот одбор на Комората во претходната година (кој е обврска на Комората да го доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, согласно чл.105 точка 3 од ЗГ) и истиот да го достави на разгледување и усвојување до Надзорниот одбор, најмалку 30 дена пред одржување на Годишното собрание.
2. Предлог – заклучок за задолжување на Управниот одбор на КАОИ да изготви предлог Програма за работа на Комората за наредната година и истата да ја достави на разгледување и усвојување до НО, најмалку 30 дена пред одржување на Годишното собрание.
3. Предлог – заклучок за задолжување на Управниот одбор на Комората да изготви Финансиски план за работа на Комората за наредната година и

истиот да го достави на разгледување и усвојување до Надзорниот одмор најмалку 30 дена пред одржување на Годишното собрание.

4. Предлог – заклучок за задолжување на Управниот одбор на Комората да ги доставува материјалите до Надзорен одбор најдоцна 7 дена пред одржување на секоја планирана седница на Управниот одбор, согласно член 19 од Статутот на Комората.

5. Предлог – заклучок за задолжување на Управниот одбор на Комораt да се изготват сите акти пропишани во чл.15 од Статутот на Комората.

Со почит,

Скопје, 20.02.2019 година

**Претседател на Надзорен Одбор**

М-р Кристинка Радевски, д.и.а.

# ПРЕДЛОГ

## за верифицирање на мандат
## на нов член на Собранието

Да се верифицира мандатот на членот

Муратовски Бојан, оделение машинство

Нареден на изборната листа за одделение машинство, од регион 1 - Скопје

По новонастанатата ситуација и потреба од верифицирање на мандат на нов член на собранието на Комората ќе биде потребно оваа точка да се додаде на постојниот предлог-дневен ред.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работењето на Комората во
## 2018

Подготвен за Собранието
23.02.2019 година

Комората имаше успешна работна година. Годината, 2018 ќе биде забележана како година во која Собранието го усвои Тарифникот за инженерски услуги во чие донесување беа вклучени сите органи, тела на Комората. Во 2018 година се зголеми бројот на активни членови, се зголемиле приходите во Комората, рационализирани се и смалени трошоците за работа во Комората. Реализиран се неколку проектни активности во врска со подготовката на Закони од интерес на Комората, одржани се 21 семинар за континуирана професионална доедукација и реализирани се други домашни и меѓународни активности. Во меѓувреме стандардните активности на Комората во врска со овластувањата, нивното издавање, продолжување и замена се одвиваат навремено и со сандардна динамика. Надграден е компјутерскиот софтвер со можност за подобри анализи кои произлегуваат од регистрите на членство.

Број на активни членови во период 2012-2018




Број на активни членови по одделенија, заклучно со 31.12.2018 година




втoро овластување (доколку инженер припаѓа на повеќе од едно одделение, броен е само еднаш во матичното одделение)

Заклучно со 31 декември 2018, во Комората членуваат 88 активни странски инженери, од кои најголем број се од Србија (30), Бугарија (18), Хрватска (10), Грција (8), Турција (7), Италија (6), а останатите се од Словенија, Германија, Чешка и Босна и Херцеговина, На сите нив им е издадена потврда за важноста на странското овластување во Македонија.

Вкупен број на архитекти и инженери во регистарот на комората заклучно со 31.12.2018 година

| | Вкупен број на регистрирани членови (активни и неактивни) | Целосно подмирена членарина до 31.12.2018 | Доцни до 6 месеци | Доцни од 6 - 12 месеци |
|---|---|---|---|---|
| Архитектура | 1.881 | **769** | 141 | 181 |
| Градежништво | 2.310 | **1.087** | 190 | 193 |
| Електротехника | 1.188 | **504** | 54 | 83 |
| Машинство | 623 | **406** | 32 | 22 |
| Урбанистичко планирање | 349 | **241** | 0 | 0 |
| Сообраќај | 45 | **37** | 0 | 0 |
| Геотехника | 129 | **52** | 1 | 17 |
| Геодезија | 118 | **56** | 0 | 16 |
| ППЗ/ЗПР | 31 | **9** (134) | 3 | 2 |
| Животна средина | 95 | **26** (43) | 6 | 8 |
| Техн./Металур. | 7 | **3** (7) | 0 | 0 |
| Енергетска ефикасност | 0 | **0** (30) | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **6.776*** | **3.190** | **427** | **522** |

*досега се процесирани 1.200 решенија за престанок на членство (постапката за престанок на членство продолжува)

Број на членови од најбројните одделенија, годишен преглед за период јануари - декември 2018



Број на посети на семинари од членови на Комората




| рб | Дата на одржување | Одделение | Име на настанот | # Посети |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 29.01.2018 | Градежно инженерство | Стратешки насоки за развој на европскиот коридор VII | 108 |
| 2 | 23.02.2018 | КОАИ | Обука за менаџмент во инженерство и европски фондови | 70 |
| 3 | 06.03.2018 | Електротехника | Телевизиски мрежи | 60 |
| 4 | 07.03.2018 | Архитектура | Модерни хидроизолациски системи за заштита на градежни конструкции | 95 |
| 5 | 24.03.2018 | Повеќе одделенија | ГРЕДИТ и претпромоција на книгата на Јан Гел „Градови за луѓе“ | 80 |
| 6 | 26.04.2018 | Сообраќај | Изработка на вертикална сигнализација | 70 |
| 7 | 12.04.2018 | КОАИ | Одржливост на пречистителни станици за отпадни води во Р. Македонија | 60 |
| 8 | 15.5.2018 | КОАИ (комерц.) | Еколошки и мултифункционални решенија за модерна урбана средина | 70 |
| 9 | 22.5.2018 | КОАИ (комерц.) | Модерни системи за градежна техника – РЕХАУ површински системи за греење и ладење | 80 |
| 10 | 1.6.2018 | КОАИ (сообраќај) | Промоција на книга – Како летаат авионите | 40 |
| 11 | 5.6.2018 | КОАИ | Безбедност на патиштата – настан со Светска банка | 40 |
| 12 | 6.6.2018 | Геотехника | Анализа на ризици кај тунели и управување со нив | 100 |

| рб | Дата на одржување | Одделение | Име на настанот | # Посети |
|---|---|---|---|---|
| 13 | 6.6.2018 | Електротехника | Имплементација на високо квалитетни системи за громобранска заштита | 80 |
| 14 | 5.9.2018 | КОАИ(архитектура) | Промоција на книгата Градови за луѓе од Јан Гел | 200 |
| 15 | 17.9.2018 | Архитектура + град Скопје | Изработка на елаборати за поставување урбана опрема – недоследности и предизвици | 50 |
| 16 | 20.9.2018 | КОАИ (комерц.) | Современи правци во проектирањето на плафонски системи | 40 |
| 17 | 03.10.2018 | Електротехника | Пренапонска заштита во нисконапонските мрежи и заштита на фотоволтаични системи – Green Protect | 70 |
| 18 | 19.10.2018 | КОАИ+(друштво.. | 80 години на Инженерството за брани во Р Македонија | 80 |
| 19 | 25.10.2018 | Градежно инженерство | Што уредуваат измените на Законот за градежни производи и нацрт националните стандарди? | 70 |
| 20 | 09.11.2018 | Сообраќај | Транспортно планирање за одржлива урбана мобилност во градовите | 62 |
| 21 | 15.11.2018 | Градежно инженерство | Изложеност на АБ конструкции во современите урбани средини и сообраќајната инфраструктура, европски норми и практики за заштита на бетонските конструкции | 81 |
| | | **ВКУПЕН БРОЈ НА ПОСЕТИ НА СЕМИНАРИ** | | **1606** |

**Финансиски показатели 2012 – 2018 година**




## Извештај за работата на комисиите телата и службите на Комората во 2018 година

**Оперативно-тековно работење**: Во 2018 година одржани се 97 комисиски состаноци на комиисите за овластувања, 21 одделенски состанок, 15 струкови комисиски состаноци (законодавни, тарифник итн). Организирани се 21 едукативен семинар со 1.606 посети од членови на Комората, со исто толку издадени сертификати за присуство. Десет од овие семинари се комерцијални. Одржани се 2 собраниски седници и 13 седници на УО, при што секоја седнца е објавена на сајтот на Комората една недела порано. Сите материјали од седниците се собрани и укоричени во една Книга, а сите одлуки се донесени со консензус од сите членови на УО. Издадени се 903 овластувања на нови (314 за прв пат членови) и продолжени 1.200 овластувања. Процесирани 650 решенија за '*престанок на членство*' во 2018, досега се вкупно издаден повеќе од 1.200 решенија за престанок на членство. Во комората се следат десетина активни судско-извршни-управни постапки. Активно се соработуваше на донесувањето на Тарифникот за инженерски услуги (подготовка на материјали, согледувања, сугестии), стручното тело КО ги подготви измените и дополнувањата на ЗПУП кои се доставени до Министерството. Подготвени се и усвоени три нови акти на Комората (деловници и правилници), извршени се потребните измени во Статутот на Комората, измени во три постојни акти на Комората, активно учество во реализацијата на две издадени книги од Комората, учество во работата на уредувачкиот одбор на списанието Пресинг.

**Финансиско работење**: успешна активност на службите на Комората за наплата на постојни и доспеани побарувања од изминатите години – перманентна е-маил и телефонска комуникација за наплата на членарини од изминати години особено за фирми со поглем број на членови во Комората. Годишниот приход во 2018 повисок од 2017 година, а трошоците се намалени.

Бројот на активни членови е зголемен споредено со минатата година (од 2.968 на 3.190). Анализата на податоците од членството покажува дека годинава имаме 314 нови членови (првпат во

Комора), што индицира дека сме го задржале бројот на постојните членови од 2017, и на нив е дополнет бројот на нови лица во Комората.

Зголемена е активноста на веб страната на Комората и на социјалните мрежи. Месечно има помеѓу 11.000 - 15.000 посети на нашата веб страна, која се ажурира на дневна основа. Вкупно, за изминативе 16 месеци сме имале 260.000 посети на веб страната, со бројни прашања и дописи (над 1700) на канцелариската емаил адреса (сега е отворена и втора адреса).

Писмените барања од министерството за транспорт за проверка на овластувањата на активното членство, а со цел продолжување на издадените лиценци се секојдневна обврска. Добивме над 500 писмени барања во 2018 и на сите е одговорено во законскиот рок. Постојат обиди од наша страна да го подобриме процесот (писмен допис/писмен одговор) со предлог истиот да биде системски/ дигитализиран, но во овој момент оваа постапка се уште не е одобрена од министерството.

**Позначајни проектни активности:**

- Во 2018 е имплементирана целосно нова технологија за софтверскиот систем на Комората (во функција, со значително подобрени технички капацитети за анализа на базата)
- Системска интеграција на системот на Комората и системот е-одобрение за градење (направени последните измени, тестирано и одобрено, поднесен конкретен предлог за измена на владината уредба која ја регулира оваа материја, чекаме финално одобрение од Владата)
- Направена е првата ресертификација на воведените ИСО 9001 стандарди – извршена е имплементацијата на сугестиите од контролата од британскиот сертификатор

**Табеларен приказ за споредба на спроведени активности 2012 - 2018**

| | Ставка | 2012-2013 | 2015-2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Број на активни членови | ~2000 | ~2.800-3.000 | 3.190 |
| 2 | Финансиски приходи | 18.305.594 денари (за 2012 година) | 21.868.640 денари (за 2017 година) | 26.740.137 ден (за 2018 година) |
| 3 | Самостојно организирани семинари од КОАИ +оделенијата | ~3-4 | 20-25 | 21 |
| 4 | Барања со проверки на членство од министерство (писма) | ~5-6 писма за проверка на 15тина инженери | 400-600 писма за проверки на над 1500 инженери | 500-600 писма за проверки на над 1500 инженери |
| 5 | Број на годишни одделенски состаноци | ~5-6 | ~20-30 | ~25 |
| 6 | Печатење на овластувања од службите во Комората (нови и продолжени) | 0 (до 2016 се печатеа од надворешна печатница) | ~2500 | ~4.000 (периодот на 5 годишни овластувања за најголем број членови истекува во периодот декември 2018-април 2019) |

| | Ставка | 2012-2013 | 2015-2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| 7 | CPD сертификати за посетители на семинари | 0 | ~2500 | ~1.600 |
| 8 | Број на измени на веб страната на Комората + инфо на социјални мрежи | 10тина измени годишно | 100-150 измени годишно + социјални мрежи | 150тина измени годишно |
| 9 | Број на активни судски постапки (управни, граѓански, извршни) | ~1-2 | ~8-10 | ~8-10 |
| 10 | Број на дисциплински и второстепени постапки | ~2-3 | ~4-5 | ~2-3 |
| 11 | Надомест за патни трошоци за посетители на семинари | 0 | Околу 400-500 исплати годишно | Околу 500 исплати годишно |
| 12 | ЗЕЛС проверски (по одобрување на системската интеграција) | 0 | 0 | Очекуваме значаен број на контакти од членството во 2019 |
| 13 | Решенија за престанок на членство | 0 | 300-500 | 1.200 (кумулативно) |
| 14 | Останато: Покомплексни ИСО процедури; дигитална архива, меѓународни односи. | Недефинирани и едноставни процедури | Прогресивно професионализирање на Комората | Прогресивно професионализирање на Комората |

Бројот на вработените во Комората е непроменет од 2012 година. Воедно, изминативе 6 години бројот на активни членови на Комората и финансиските приливи се зголемени за околу 50%, а постои и значително зголемување и на сите останати административни задачи за вработените во Комората.



Зголемениот ангажман на сите органи, тела и комисии заедно со ангажирањето на стручната служба на Комората во изминативе придонесе за севкупниот раст на Комората како институција Обемот на работа, по сите основи е повеќекратно зголемен во споредба со 2012 година. Парелелно со овој зголемен обем на работа, од 2012 година континуирано се зголемува и вкупниот годишен приход во Комората. Сето ова се постигнува во услови на поефикасно оперативно работење и намалени трошоци за работа.

**Меѓународни активности**

**Меѓународната активност ја остваруваме на четири нивои**

1. **Билатерална соработка.** Може да се истакне дека најинтензивна билатерална соработка Комората остварува со Бугарската КИИП и со Црногорската ИКЦГ со кои имаме редовни консултаци на ниво на претседатели. Повремени дискусии имаме и со српската и хрватската комора. Редовни средби се оствоаруваат по повод други значајни настани во коморите (прослави, собранија, консултации)
2. **Соработка во ИИРС**, (Инженерска иницијатива за регионална соработка) се состанува секои 6 месеци. Во 2018 средбите беа во Црна Гора (Подгорица)и во Србија (Белград). Наредната Средба е во Бугарија (Софија). Интензитетот на активности во ИИРС е опаднат, голем дел од проектите се застанати, па е донесена одлука сите проекти да се интегрираат во два кои ќе бидат дефинирани во Софија. Делумно активноста на Српската комора е за решавање на вратрешни проблеми, слично како и кај Хрватската (целосна смена на раководствата на сите Хрватски Комори), но и на внатрешни прашања во Црногрската Комора. Најголем дел од теретот и работата во ИИРС во наредниот период ќе биде на Бугарската, Македонската и Словенечката Комора.
3. **Соработка со ЕЦЕЦ**. Како што објавивме, претседателот на Македонската комора е избран за еден од трите потпреседатели на ЕЦЕЦ со кое се зголеува важноста на македонската комора во Европскиот сојуз на инженерски комори. Од балканските држави нема друг преставник во Извршниот одбор на ЕЦЕЦ (порано претседател од Словенија, потпретседател од Србија), така што се укажува потреба за подобра координација на државите од Балканот и Бугарија која ќе ја реализира претседателот на Македонскаа Комора. Ова позиција е за три години до крај на 2011.
4. Соработка во WFEO (Светска Федерација на инженерски организации). Во овој момент во WFEO, имаме претставници во Комитетите за Образование (М.Димитровски) и во Комитетот за антикорупција (Д. Атанасовски) избрани во Париз во 2015 година. По покана на новоизбраниот претседател на WFEO, во организација и на терет на Кинеската асоцијација за наука и технологија, претседателот М. Димитровски учеструваше на собирот со назив „за инжнерските компетенции", со презентација на моделот за признавање на професионалните компетенции кој се користи во Република Македонија. Во разговор со претседателот на WFEO, (Ге Конг) предложено е со еден од Комитетите да преседава Македонија, кое ќе биде одлучено на светскиот Конгрес на WFEO, кој ќе се оддржи во Мелбурн. Македонската комора ужива посебен углед во WFEO.
5. Проект WB6 е воспоставен во мај 2018 година и се однесува за взаемно признавање на професионалните квалификации на шест замји од Западен балкан (WB6). Проектот е на ниво на утврдување на начинот на работа на учесниците (од шесте држави (Србија, Македонија, Црна Гора,

Албанија, Босна и Херцеговина и Косово), деловници и општи дискусии, а се однесува на взаемно признавање на професионалните квалификации за лекари (доктори по медицина), стоматолози, архитекти и инженери (во проектот именувани civil engineers)

Учесници во меѓународната соработка во 2018 биле: преседавачот на Собранието, претседателот на Комората, потпретседателот на комората, претседателите на професионалните одделенија за градежништво, архитектура, електротехника и машинство, како и генералниот секретар на Комората.

## 6. ОЧЕКУВАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2019 – 2010

Зголемен обем на работа за подобрување и дополнување на Нацрт законот за Градење

Очекуваме, нови Закони нови задолженија, нови усогласувања со Законската регулатива.

Зголемена меѓународна соработка во ИИРС, ЕЦЕЦ и во WFEO

Зголемен обем на активности за реализација на потпишаните меморандуми

Зголемен обем на работа по основ на имплементација на Еврокодови (како законска обврска)

Зголемен обем на работа за имплементација на одредбите од новите законски решенија

Зголемен обем на работа од примена на Тарифникот за инженерски услуги

Зголемен обем на работа по основ на зголемена мобилност на архитектите и инженерите со проектот WB6

Зголемен обем на работа од примена на Тарифникот на услуги во просторното и урбанистичкото планирање

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02 - 68/3
07.02.2019 год.
СКОПЈЕ

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

29.1.2019

Врз основа на членот 15 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Управниот одбор на Комората, на седницата одржана на 29.1.2019 година донесе

# ОДЛУКА

за усвојување на пописниот елаборат за 2018

1. Се усвојува доставениот пописен елаборат за Комората за периодот до 31.12.2018 година, со една измена: трите пописни предмети кои сеуште имаат сметководствена вредност дадени под број 2, 3 и 4 во табелата за расход (три стари лаптопи), и кои се предлагаше да се расходуваат, да се вратат во пописните листи и да се расходуваат кога нивната сметководствена вредност ќе падне на 0 (нула) денари.

2. Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето.

3. Одлуката да се достави до: Управниот одбор, сметководството, благајната и архивата на Комората.

Претседател на УО

Проф. д-р Миле Димитровски

Изработил ДА

Работни тела за работа на реформа на Законодавството, (потврдени на Собрание 2018)

за поединини одделенија што се кординираат од членови на коморското работно тело К

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
